Living the LOTUS
Buddhism in Everyday Life
11 2018
VOL. 158

Founder's Essay

## Важноста на правење на завет

Човечките битија се фундаментално слаби по волја, затоа иако ние сакаме да правиме доблесни дела за кои знаеме дека треба да ги правиме, ние сите сме премногу брзо маѓепсани од мрзливост.

Постои приказна во врска со "Зен мајсторот на гнездо на птици" Даолин, кој секогаш седел во Зен медитација на врв на дрво. Поетот литерат Баи Јуји, кој бил назначен за администратор на таа област, отишол до мајсторот и го прашал него, "Каков вид на учење е Будизмот?" Даолин одговорил со кажување на него точно тоа што Будизмот подучувал: "Да се воздржиш од правење зло, да се превземат добри дела, и да се прочисти ш себеси се учењата на Будизмот." Баи Јуји се спротиставил велејќи, "Тоа е нешто кое дури и три-годишно дете го знае." На тоа Даолин одговорил, "Тоа што три-годишно дете го знае е нешто што дури и 80-годишен господин е неспособен да го примени во пракса."

Како ние можеме да ја надминеме оваа човечка слабост? Нашите сонародници, сангата, се клучни за ова. Ние не правиме тивко ветување на себеси едноставно во нашите срца, туку правиме ветување преку изразување на тоа во зборови пред многу од нашите сонародници. Ова е тоа што значи "да се направи завет."

За практикувањето на верба е важно да го преобразиме сопственото срце, но не се многу тие луѓе кои можат да го направат сето тоа сами. Секој во сангхата има целосно верба во буда-природата на личноста која прави завет, и сангхата продолжува да ги надгледува со наклонетост дури и кога тие имаат неколку неуспеси. Мотивацијата недвосмислено да се реагира на охрабрувањето и очекувањето на сангхата се тоа што ја преобразува личноста.

Од *Каисо-зуикан* 9 (Косеи Издавачка Куќа, 1997), стр. 122-123

**Живеејќи го Лотосот**
**Број 158 (Ноември 2018)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада, Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124 Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp
**Сениор Едитор:** Коицхи Саитоу
**Едитор:** Ерико Канао
**Цопс Едитор:** Александар Димовски
**Уредувачкиот тим на Меѓународното Ришо Косеи Каи**

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

Порака од Претседателот

# Со обзир кон другите секогаш на ум



Ничико Нивано
Претседател на Ришо Косеи Каи

## Мирното време е секогаш правото време

Сакaната сезона на уживање во топлината на жешките извори е пред нас. Навлажнувајќи се во када полна со жешка вода, мрморејќи си себеси, “Ах, ова е рај” Ђ во такви моменти, многу луѓе чувствуваат смирен спокој како ги исполнува.

Кога ние уживаме во пријатно време, кога нашите умови се спокојни и слободни, на пример, дури и кога ние ги упиваме водите на жешкиот извор, зар не сме оддалечени од таквите емоции како грижи и незадоволства? Илузиите и приврзаностите доаѓаат опуштени и се лизгаат од нашите умови, ништо не нѐ врзува со проблеми и ние сме спокојни и целосно задоволни.

Кинескиот карактер кој го означува Будата се чита хотоке на Јапански. Едно објаснување вели дека зборот хотоке е изведен од глаголот ходокеру, кој значи “да се биде слободен од приврзаности.” Заради тоа, ние можеме да кажеме дека ако вие можете да направите, дури само за малку, да бидете мирни и без било кои грижи или оптеретувања, тогаш вие се имате ослободено себеси од се што ве врзува и го имате достигнато подрачјето на Будата.

Патем, Будистичките учења ни кажуваат дека е важно да “го имате вашиот ум секогаш свртено кон исправната насока.” Ова е “исправна свесност”, седмото практикување на Осмострукиот Пат кој Шакјамуни го објаснил во неговото прво проповедање на Дармата.

Сепак, јас мислам дека многу луѓе би признале дека тие навистина не знаат што е “исправната насока”. Едноставно кажано, тоа е свртување на вашиот ум кон Будата и Вистината, но јас претпоставувам дека некои луѓе сеуште можат да кажат дека ова е доста тешко да се разбере. Објаснувајќи како го разбирам тоа во мои сопствени термини, како што јас спомнав претходно, тоа е “пријатно време, кога вашиот ум е мирен и слободен од приврзаности.” Јас мислам дека ова е баш времето кога вашиот ум е усмерен во исправната насока.

Сепак, да го имате вашиот ум секогаш свртен кон исправната насока, и не само за момент или на кратко, е покомплицирано нешто.

## Надевајќи се само да се биде способен да се ослободат другите

Во Сутрата на Медитација на Бодисатвата Универзална Мудрост, една од трите сутри од кои се состои Тројната Лотос Сутра, прашањето кое ние навистина сакаме да го прашаме се појавува: “Секогаш престојувајќи во градот на нирвана, / И да се биде спокоен со мирен ум” (што значи, ако вие сакате да бидете далеку отстранети од сите сомнежи и заблуди и да го чувате вашиот ум спокоен и стабилен)? Следните редови во стих го даваат одговорот.

“(Тој) треба да ги рецитира Големото Возило сутри / И да размислува за мајката на бодисатвите.” Со други зборови, преку нашата вообичаена навика на утринска и вечерна рецитација на сутрата, ние се надеваме да ги живееме шите животи, повеќе и повеќе, преку умот на сочуство и обзирност кон другите. Ова е вредно навестување за тоа како секогаш да живееме радосно и со на шите умови во леснотија. Ние тоа не би го очекувале, но за нас, ова е многу познато практикување, зар не? Повеќе од тоа, ова не е наредба “да се биде обзирен кон другите,” туку индикација колку е важно да се стремиме да живееме со поголема обзирност за другите, што може полесно да се прифати.

Сега и повторно, јас слушам некои кои се жалат дека, “Јас едноставно неможам да се усовршам да бидам сочуствителен.” Сепак, баш затоа што таа личност посакува да тој или таа би можел да живее со повеќе обзирност за другите или да биде способна да ослободи некој друг да тој или таа се загрижени за тоа. Со други зборови, таа личност веќе го усовршува умот на бивање обзирен кон другите.

Сепак, кога вие ќе сфатите дека вашиот ум е вознемирен со одвлекувања и далеку од тоа да се биде спокоен, поемата од Хосаи Озаки (1885-1926) може да биде добра референца.

“Отстраните го умот / Кој зборува лошо за другите, / И само излупете го гравот.” Кога таквите емоции како лутина или алчност се чини дека стекнуваат контрола на вашиот ум, вие треба да се посветите себеси до која и да е задача што се наоѓа пред вас Ђ ова е еден метод на враќање кон исправна свесност.

Понатаму, некои луѓе ја изразуваат исправната свесност како “грижа” или “присутност”. Како што Сошитсу Сен ЏВ-ти (р. 1923), претходен директор (иемото) на Урасенке школата на Патот на Чајот, имал речено, “Во служењето на некој, мојата единствена мисла е, “Нека бидете среќни”. Отстранете ги одвлекувањата и концентрирајте се на вашето сопствено “тука и сега”. Згора на тоа, додека ги ставате настрана мислите на себеси и се надевате дека другите луѓе искусуваат радост и се чувствуваат среќни, вашиот ум се фокусира на единечно нешто. Ова е друга форма на исправна свесност. Во нашата дискусија за Осмострукиот Пат, ние имаме веќе пристигнато на клучното практикување на исправната свесност. Кога вие ќе го направите вашиот сопствен ум умот на радост и леснотија кој доаѓа од бивање обзирен кон другите, вие вистински им давате живот на доблестите на практикување на “исправна медитација”, која доаѓа следна.

Од Косеи, Ноември 2018

Сутрата
на Лотосовиот Цвет
на чудесната Дарма

# Поглавје 3
# Парабола (1)

Почнувајќи со ова поглавје, Лотос Сутрата станува многу полесна. Будините учења до сега биле теоретски и филозофски, но тука, со воведот на парабола, постои нагла промена на стилот спремно разбран од обичните луѓе.

## Давајќи Гаранција за Будаство

Второто поглавје на сутрата се затвора изјавата на Шакјамуни дека сите ќе станат буди, и сега Шарипутра, со неговото лице осветлено со радост, се крева за да го поздрави Шакјамуни и да ја објави неговата возбуденост за разбирањето штотуку дадено на него.

Сега радоста на Шарипутра произлегува директно од Будината изјава дека сите ќе станат буди, но тој е дури повеќе израдуван да го има неговото сопствено будаство посебно предвидено. До сега тој има верувано дека тој бил само шравака, јасно под бодисатва, и тешко можел да замисли дека тој можел да ја досегне таа највисока состојба на постоење, станувајќи будата самиот.

Во поглавјето на вешти значења е истакнато дека “не постои друго возило, но само Едното Буда Возило,” што прави јасно дека патот кон будаство е само еден и дека не постои второ или трето возило. Тогаш понатаму, кон крајот на истото поглавје, Шакјамуни истакнува дека тој е тука да ги подучува бодисатвите и дека тој нема шравака верници, што значи дека сите верници се бодисатви и никој од нив не треба да се нарекува шравака. И тогаш, при крајот, тој вели, “Радувајте се со цело срце и знајте дека вие, исто така, ќе станете буди.” И така, слушнувајќи го ова, тие што се сметале себеси за обични студенти во “високата школа” на шраваките осознале дека нивната школа била “колеџ” на бодисатвите, да го позајмиме нашиот современ јазик, и дека додека тие мислеле дека се само средношколски студенти, тие биле фактички веќе на колеџ. Повеќе од тоа, затоа што колеџот на бодисатвите е правец кон будаство, ако тие продолжиле да акумулираат практикување, тие би станале буди, и оваа вистина тие ја приметиле јасно на дното од нивните срца. Како тие можеле да не се радуваат?

Заради тоа, Шарипутра ја објаснува неговата благодарност но во истото време искрено ги признава неговите минати неуспеси и изразува каење за нив. За возврат, Будата го потврдува Шарипутриното просветлување и го објавува тоа на него особено дека тој ќе стане буда. Ова е првото од бројните гаранции кон шравака верниците за нивното доаѓачко будаство, и блиските верници покасно сите добиваат гаранции за нивното будаство. Во овој смисол, Лотос Сутрата може да се смета како Сутрата на Давање на Гаранција за Будаство - огромна разлика-затоа што тоа е сутрата која дарува кон сите луѓе сигурност дека тие можат да станат буди.

Сега, да се вратиме кон текстот, ние го читаме тврдење прво во проза, тогаш во стих, дека при достигнување на просветлување на буда, тој ќе ја подучува врвната доктрина и ќе преобрази многумина. Шарипутра е задоволен самиот, но тој е загрижен за дванаесетте стотици други кои се збунети од длабочината на Будините учења, и тој моли за расчистување на оваа тешкотија.

Светски-Почитуваниот, Шакјамуни, тогаш ја кажува параболата за горечката куќа.

## Парабола за Горечката Куќа

Во град во одредена земја постоел голем богат старешина. Неговата куќа била огромна но имала само една тесна врата. Оваа куќа била ужасно руинирана, и одненадеж еден ден избил оган и почнал брзо да се шири. Бројните деца на старешината биле сите внатре. Тој ги молел нив да излезат, но тие сите биле зафатени со игра. Иако се чинело извесно дека тие ќе бидат изгорени, тие не го забележувале тоа и немале нагон да избегаат.

Старешината размислувал за момент. Тој бил многу јак и би можел да ги натовари нив во некој вид на кутија и да ги извлече сите наеднаш. Но тогаш тој сфатил дека ако го направи тоа некои можат да испаднат и да бидат изгорени. Затоа тој одлучил да ги опомени колку е стра шен оганот за да тие можат да излезат самите.

Со силен глас тој ги повикал нив да излезат надвот веднаш за да избегнат да бидат живи изгорени, но децата само го погледнуваа и не обранаа внимание на неговото предупредување.

Старешината тогаш запомнил дека неговите деца сите сакале коли, и затоа тој ги повикал да излезат веднаш заради тоа што тој имал козји коли, еленови коли, и воловски коли кои тие отсекогаш ги сакале.

Кога децата го слушнале ова, тие конечно му обрнале внимание и паѓале еден над друг додека брзале да излезат, и така тие биле способни да избегаат од горечката куќа. Старе шината бил ослободен од грижа при нивното сигурно избавување од повреда, и како што тие почнале да ги бараат нивните коли, тој им дал на секој од нив не обичните коли кои тие ги барале туку коли прекрасно украсени со драгоцени не шта влечено од големи бели волови.

Иако читателот можеби веќе го видел значењето на оваа парабола, ние можеме тоа да го објасниме подлабоко преку истакнување дека таткото се однесува на Будата. Децата се никој друг освен нас самите, обичните луѓе, додека истрошената куќа е нашето обично човечко оп штество, и оганот се нашите физички и ментални заблуди. Оваа заблуда е причината за човечкото страдање. Заради тоа што ние сме целосно обземени со материјални нешта и на шите физички тела, ние ја губиме нашата духовна слобода и страдаме. Повеќе од тоа, будалестите живи битија не се дури ни свесни дека тие немаат духовна слобода, и затоа на таа сметка тие не разбираат дека тие се пред горење од огновите на нивните заблуди. Нивните умови се целосно обземени со нивните секојдневни животи.

Со цел да даде ослободување од човечката мизерија, Шакјамуни презентира различни учења. Човечките битија се од различни видови, и дури помеѓу трагачите на патот кон



ослободување постојат шраваки, кои ги слушале добрите учења и стремат да ги отфрлат нивните заблуди; пратјекабудите, кои самите со медитација и мисла трагаат да го достигнат Патот; и бодисатвите, кои додека тие бараат врвно просветлување во истото време се посветуваат себеси кон ослободување на сите битија. Кога луѓето ќе најдат во Будините учења билошто кое точно им одговара на нивните желби, тие се несвесно возени кон тоа учење. Ова е значењето на параболата на земање на децата да излезат надвор преку нудење на секој од нив на колите кои тие ги сакаа.



## Учењето на Будата е само едно

Така иако учењата на Будата се на крајот само еден Пат кон будаство, во припремните степени различни уметнички и вешти начини на учење се употребени. Луѓето тогаш стремат, секој во согласност со поединечната лекција, да се култивираат себеси, но како што тие практикуваат и напредуваат до повисоки нивоа, тие откриваат дека далеку напред сите патишта стануваат едно. Ова е Патот кон будаство. Откритието дека патот кој некој го чекорел, за кој тој мислел дека е само второ или третокласен пат, всушност се испоставува дека е тој врвен вистински Пат е причина за голем мир, надеж, и радост. Ова е тоа што е кажано кога децата, кои мислеле само дека тие ќе ги добијат козјите коли, еленовите коли, и воловските коли, сите како еден добиле неочекувано задоволство на големата кола на белиот вол, најдобриот можен поклон: самиот Пат кон будаство.

При читање на ваков начин, како што е направено, помеѓу редови, некој може да најде уште повеќе важни лекции покрај главната која јас штотуку ја наведов во оквир на оваа парабола.

*Тројната Лотос Сутра: Резиме и главни точки за секое поглавје (Ново издание)*
Косеи Издавачка Куќа, 2016, стр42-стр49

# Living the LOTUS




RISSHO KOSEI-KAI INTERNATIONAL BRANCHES

Коментарите на нашиот е-весник Шан Заи се добродојдени. Ве молиме да ги пракате Вашите коментари на следната. Интернет адреса: living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp